Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација
Бр. 14-985/1
17.02.2021 год.
Скопје

# Записник од 21-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online седница | | |
| **Датум** | 15.01.2021 година | **Време** | 13.00 – 14:00 часот |
| **Бр. на седница** | 21-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Љубен Талев (независен експерт). | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Соколов, Владимир Радосављевиќ и Букурије Јашари Мемети (МИОА) | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / E pranuar: 17 FEB 2021
Орг. Един. / Nj. org.: 14 | Број / Numër: 985/1

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 25.12.2020 година.
2. Активности на НКБК за 2021 година, согласно Програмата за работа на Владата за 2021 година.
3. Разно

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов ја отвори 21-та редовна online седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни сите членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 20-та седница, одржана на 25.12.2020 година.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во однос на втората точка, претседателот на НКБК, Димитар Буковалов истакна дека целта е да се запознаат членовите на НКБК со Програмата за работа на Владата, односно на МИОА за 2021 година. Во таа насока НКБК особено треба да ги има предвид планираните иницијативи кои се однесуваат на : формирањето на меѓуресорска група за усогласување на законски и подзаконски акти поврани со градење на електронски комуникациски мрежи, усвојувањето на правила за поставување на кабелска канализација, формирањето на работна група за измена на Законот за електронски комуникации, усвојувањето на правила за поставување на бесплатен државен WiFi, итн.
После излагањето на Буковалов се разви дискусија околу наведените иницијативи, како и околу други иницијативи како составен дел на Програмата за работа на Владата односно на МІОА за 2021 година.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно„ Славица Настеска информираше околу започнатата подготовка на Студијата за проценка на статусот на имплементација на DESI индикаторите за државите од Западен Балкан, која треба да биде подготвена од страна на консултант избран од страна на RCC во соработка со преставници од државите.

Славица Настеска истакна дека согласно Студијата прво треба да се утврди дали постојат релевантни институции кои имаат надлежност да ги собираат податоците за DESI индикаторите, како и да се утврди колку често тие податоци се собираат и согласно кои методологии и дали методологиите се усогласени со Европските препораки. Во таа насока, од страна на консултантот веќе бил доставен соодветен прашалник, на кој одговор доставиле Државен завод за статистика (ДЗС) и Настеска како номиниран претставник на НКБК. Првичен ивештај од студијата е планиран за крајот на јануари 2021 година.

Околу двата започнати процеси на АЕК (ажурирање на зоните и мапирањето на услугата користење на бродбенд на ниво на населено место), Буковалов нагласи дека истите треба да завршат до крајот на овој јануари по што НКБК ќе достави извештај до Министерот. Зоран Дервишов се надоврза информирајќи дека податоците од малите оператори се собрани скоро во целост, а на податоците од Телеком и А1 се врши масовен импорт во новата база, и дека се надева до крајот на месецот двата процеса ќе завршат.

Записникот го водеше претседателот на НКБК
**Димитар Буковалов** ______________________